**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**С О Б Р А Н И Е**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Комисија за финансирање**
**и буџет**
**Број 20-2961/**
**28 јули 2015 година**
**С к о п ј е**

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ИЗВЕШТАЈ

Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија на Педесет и шестата седница одржана на 23, 24, 25, 27 и 28 јули 2015 година, како матично работно тело го разгледа

**Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2015 година.**

Образложение по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2015 година даде министерот за финансии, Зоран Ставрески. Тој се осврна на макроекономските состојби во државата при што истакна дека македонската економија во првата половина од 2015 година функционираше во релативно сложени услови имајќи ја во предвид политичката криза во државата, состојбите во европската економија, должничката криза во Република Грција и ризиците кои таа ги предизвика во функционирањето на европската економија. Но, покрај таквите сложени услови и состојби македонската економија оствари задоволителни резултати. Тоа делумно се должи на тоа што 2014 година заврши со добар економски раст од 3,2 проценти. Во оваа насока забележителен е растот на индустриското производство од 4,3 %, растот на градежништвото од 6,1 %, на земјоделството од 2% и растот на услужниот сектор од 3,2 %. Главни генератори на растот беа порастот на извозот од 17% и бруто инвестициите кои остварија пораст од 13,5 проценти. Реализација на капиталните инвестиции пред се во инфраструктурни проекти финансирани со средства од Буџетот за 2014 година имаше големо влијание на пораст на инвестициите, а истовремено имаше и пораст на приватните инвестиции во индустриските и слободните зони. Увозот забележа раст од 14,5%. Сето ова се рефлектираше и на пазарот на работна сила, односно креирање на нови работни места со што

стапката на невработеност се намали на 27,6% на крајот на 2014 година. Во првиот квартал од 2015 година продолжи трендот на солиден раст на економијата, односно остварен е раст од 3,2%, како разултат на раст на извозот на стоки и услуги кој изнесуваше 10% , додека пак во истиот период увозот беше зголемен на 4,3 % со што нето извозот имаше позитивен придонес за раст на бруто домашниот производ. Бруто инвестициите исто така забележаа пораст од 2,4 %, а потрошувачката (личната и јавната потрошувачка) умерно растеше со стапка од 1,9%. Индустриското производство во првиот квартал од оваа година имаше солиден раст од 3,1% колку што изнесуваше и растот на градежништвото кое пред се беше подржано од реализација на капиталните проекти планирани во Буџетот за 2015 година. Услужниот сектор забележа раст од околу 3%, а секторите трговија, угостителство и транспорт оствариja раст од 6,3%. Единствено секторот земјоделие во првиот квартал на оваа година имаше пад од 0,4 % пред се поради лошите временски услови, обилните дождови и поплавите кои ја зафатија земјата. Позитивните движења се рефлектираа и на пазарот на работна сила, при што стапката на невработеност осварии историско најниско ниво од 27,3 %. Инфлацијата во првиот квартал беше негативна со тенденција да се приближи кон нулата, а во вториот квартал премина во позитивната зона. Сепак вториот квартал донесе полоши економски движења и полоши економски резултати што секако е рефлексија на пролонгираната политичка криза во државата, бидејќи политичката стабилност е еден од основните постулати и услови за развој на економијата. Индустриското производство постепено, особено во месеците април и мај забележа негативни стапки на раст, па поради тоа постои можност вкупната економска активност во вториот квартал од годината да забележи намалена стапка на раст. Развојот на економијата во втората половина од годината ќе зависи од политичките движења во земјата и од тоа како ќе се спроведува потпишаниот политички договор. Доколку истиот се спроведува онака како што е договорено тоа ќе значи поголема политичка стабилност која ќе се одрази позитивно на економските резулатати до крајот на годината. Во вториот квартал од 2015 година беше заострена и должничката криза во Република Грција и постоеше ризик таа да излезе од еврозоната. Во рамки на европската економија состојбите во Република Грција предизвикаа негативни резултати што влијаеше негативно и на македонската економија. Од овие причини се наметна потребата од Ребаланс на Буџетот на Република Македонија, за 2015 година кој предвидува проекција за раст на економската активност за 0,5% поени помал од проектираниот со Буџетот за 2015 година, но сепак се очекува солиден економски раст од 3,5%, под претпоставка дека до крајот на годината двата ризика- домашниот политички ризик и оној кој произлегува од состојбата во Република Грција постепено ќе се стабилизираат и ублажуваат. Растот на македонската економија од 3,5% кој е проектиран со Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година се совпаѓа со проекциите на меѓународните финансиски институции. Имено, според последните проекции на Европската Комисија се смета дека Република Македонија ќе оствари раст од 3,8%, Светска банка проектира раст од 3, 5%, а ММФ од 3,2%. Се истакна дека се очекува во вториот дел од годината да дојде до реализација на одредени најавени странски инвестиции со што постепено ќе се стабилизира и домашната потрошувачка.

Остварувањата на Буџетот за 2015 година на приходната страна во првата половина од годината беа подобри од очекувањата. Приходите по основ на наплата на данокот на додадена вредност како еден од главните даночни приходи во Буџетот имаше пониски остварувања споредено со 2014 година, но беа остварени повисоки приходи по основ на данокот на добивка и акцизи. Даночните приходи во првите шест месеци од 2015 година се реализира во износ од 78,131 милиони денари што е за 14% повеќе во однос на претходната година, но и за 6% повеќе од приходите планирани со Буџетот за 2015 година. Во апсолутен износ, вкупните приходи се за 9, 583 милиони денари повисоки отколку во 2014 година. Тоа е резултат на зголемувањето на даночните приходи споредено со претходната година. Приходите по основ на ДДВ достигнаа 19,735 милиони денари што е за 4,4% или 919 милиони денари помалку од истиот период во 2014 година. Приходите од данокот на добивка се за 4,964 милиони денари повисоки од минатата година и вкупно достигнаа 7,651 милиони денари. Приходите од акцизи во првите шест месеци од годината достигнаа 9,259 милиони денари или истите се за 1, 794 милиони денари односно за 24% повисоки споредено со 2014 година. Кога станува збор за социјалните придонеси реализацијата е повисока од планираното за 8,2 %, при што кај пензиското осигурување се реализирани 15,349 милиони денари, додека кај здравственото осигурување 6,510 милиони денари. Даночните приходи достигнаа 5,912 милиони денари, а од административни такси се реализирани 970 милиони денари. Капиталните приходи каде што доминантно учество има дивидендата што се добива АД Телеком изнесуваат 1,636 милиони денари, а тука се вклучени и приходите од продажба на градежно земјиште и општествени станови. По основ на донации буџетските корисници реализираа 1,630 милиони денари. Се истакна дека основна причина поради која се предлагаат измени и дополнувања на Буџетот за 2015 година е реализирањето на повисоки приходи од проектираните со Буџетот за 2015 година. Целта е овие средства да се распределат по одделни буџетски корисници за реализација на политиките, мерките и активностите, како и планираните проекти. Во текот на првата половина од 2015 година редовно и навремено се вршеше исплата на плати, се реализираа сите предвидени мерки за зголемување на социјалната помош, редовна исплата на пензиите, редовна исплата на субвенциите итн. Буџетскиот дефицит во првите шест месеци од годината достигна 9, 521 милиони денари или 1,7 од БДП. По однос на управувањето со јавниот и државниот долг се истакна дека во месец февруари 2015 година беше предвреме и целосно исплатен долгот кон ММФ, со што државниот и јавниот долг се намалија за 1,7%. Со тоа Република Македонија на крајот на месец јуни 2015 година, остана во зоната на ниска до умерена задолженост со ниво на јавен долг од 43,6% од БДП и ниво на државен долг од 36% од БДП. Со Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година, врз основа на економските остварувања во првата половина на годината, кои се темелат на претпоставката за подобра реализација на даночните приходи на расходната страна се предвидува пораст на расходите од 5,205 милиони денари. Согласно проекциите на приходната и расходната страна на Буџетот, буџетскиот дефицит за 2015 година се позиционира на 3,6 % од БДП. Со Ребалансот не се намалуваат средствата кај ниту еден буџетски корисник, туку се врши алокација на финансиските средства во

зависност од потребите. Капиталните расходи се предвидува да се зголемат за 1,115 милиони денари, при што со овие средства ќе се реализираат неколку проекти што се од приоритено значење и кои во текот на годината имаа добра динамика на реализација. Најголем износ на средства е наменет за гасификација на делницата од Клечовце до Штип, за што се издвојуваат дополнителни 370 милиони денари. Исто така треба да се има предвид дека Владата е во преговори со неколку меѓународни финансиски институции и банки за обезбедување на средства за финансирање и на останатите краци од гасоводот, при што во првата фаза приоритет ќе се даде на два краци и тоа од Штип кон Битола(Штип, Неготино, Прилеп, Битола) и Скопје-Тетово-Гостивар. Во делот на капиталните расходи, се истакна дека се обезбедуваат дополнителни средства за реализација на проектите за изградба на водоводи и канализации, кои што се финансираат со средства од Европската инвестициска банка и зголемувањето изнесува 377 милиони денари. Овие средства се обезбедени за финансирање на водоводи и канализации во сите општини во Република Македонија. Проектот се спроведува неколку години, а општините зависно од подготовката на проектите поднесуваат барање до Министерството за транспорт и врски. Дополнителни 220 милиони денари се одобрени за финансирање на реконструкција и изградба на училишта и изградба на спортски сали во рамките на училиштата. Значајно е што се обезбедуваат дополнителни средства за реновирање на студентскиот дом „Гоце Делчев“ во износ од 60 милиони денари. Со Буџетот за 2015 година за оваа намена беа предвидени 90 милиони денари и со овие дополнителни 60 милиони денари вкупниот износ на средства наменет за финансирање на реконструкцијата на студентскиот дом „Гоце Делчев“ изнесува 150 милиони денари. Со Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година се обездедуваат средства за целосна реализација на мерките и политиките во делот на социјалната заштита на населението, а посебно на ранливите категории на население, односно се обезбедуваат доволно средства за исплата на социјалната помош која е зголемена за 10% започнувајќи од минатиот месец, како и зголемување од 25% за семејствата кои имаат згриженено деца без родители, или деца со посебни потреби, како и сите други мерки предвидени за социјална заштита на населението. Од месец октомври 2015 година ќе започне исплатата на повисоки пензии за 5%. Исто така обезбедени се средства за повисоки степендии во износ од 159 милиони денари и дополнителни средства за ИПА проектите. Исто така кај буџетските корисници има направено усогласување кај платите зависно од последната исплата на платите и во тие рамки е вградено и зголемувањето на платите на припадниците на безбедносните сили. Се истакна дека се очекува Буџетот до крајот на годината ќе обезбеди силна развојна димензија и развојна компонента преку дополнување на капиталните инвестиции, а од друга страна ќе се обезбеди заштита на сите социјално ранливи категории, приматели на социјална помош, пензионери, земјоделци итн.

Во претресот учествуваа пратениците: Ернад Фејзула, Беким Фазлиу, Крсто Мукоски, Рамиз Мерко, Газменд Алији, Мерал Узеири Ферати, Лилјана Кузмановска, Владанка Авировиќ, Орхан Ибраими, Рафис Аљити, Имер Алиу, Роза Топузова Каревска и Даниела Ранѓелова.

Во расправата беа изнесени следните мислења:

-Беше истакнато дека Буџетот на една држава ја рефлектира целокупната политика која ја води Владата и при неговото концепирање треба да се имаат во предвид соодветни параметри, критериуми како и приоритети, а со цел да се изготви пропорционален буџет во интерес на сите граѓани. Со Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година повторно се врши етничка дискриминација во земјата која што се забележува во областа на културата, образованието, здравството, инфраструктурата, земјоделството, економскиот развој како и во отворањето на нови работни места. Воедно, се нарушува концептот на слободата и еднаквоста при распределбата на буџетските средства на тој начин што за македонските граѓани се одвојуваат буџетски средства кои ќе обезбедат благосостојба и развој, додека пак за граѓаните од албанска националност не се одвојуваат средствата кои се потребни за обезбедување на елементарни услови за живот. Граѓаните од албанска националност во Република Македонија имаат потреба од нови училишта, детски градинки, патишта, водоводи и канализации, но Владата и понатаму продолжува да не вложува средства во срединитe каде мнозинството население е од албанска националност.

- Се изнесе дека Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година повторно не е во интерес на граѓаните од албанска националност и не се имаат во предвид проблемите на граѓаните во пооделни општини како Струга, Тетово, Липково, Зајас за кои се издвојуваат недоволно средства. Потребно е Владата да биде во служба на граѓаните и да ги исполнува нивните потреби. Оваа Влада во континуитет веќе седум години не води сметка за потребите на сите граѓани во земјата. Беа упатени и повеќе забелешки по однос на средствата кои се инвестираат во изградба на споменици, наместо истите да бидат наменети за изградба на водоводи, улици, училишта, амбуланти и да се инвестираат во културни проекти. Владата на Република Македонија спроведува погрешни економски политики кои не се во интерес на поголемиот број граѓани, а посебно на припадниците на албанската заедница во Република Македонија. Иселениците албанци преку дознаките кои ги испраќаат до своите семејства го полнат Буџетот на Република Македонија со над 1 милијарда евра, а за возврат минимално се инвестира во тие средини од каде што потекнуваат. Во Македонија постојано се говори дека не треба населението да се дели по етничка основа, но сепак има големи разлики во развојот на општините, како на пример развиеноста на општина Сарај е многу помала во споредба со развиеноста на општина Ѓорче Петров. Се истакна дека добро би било да се започне со асфалтирање на улиците, да се постави улично осветлување, да се завршат проектите за водовод и канализација, да се финансираат малите постоечки фестивали во срединитe каде живее доминантно албанско население.

- Се изнесе дека Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година се носи во услови на политичка криза која влијаеше на македонското стопанство и економијата во државата. Актуелната политичка криза која трае веќе подолг временски период особено има негативно влијание на одлуките на странските инвеститори кои се чувствуваат несигурни и потешко се одлучуваат да ги вложат своите финансиски средства во земјата. Исто така големо влијание на

економските услови во земјата има и економската криза во Република Грција, бидејќи таа е еден од поголемите трговски партнери и инвеститори во Република Македонија.  Добро е што согласно добиените информации од Народната Банка на Република Македонија не се очекува финансиската банкарска криза да се прелее во Република Македонија. По однос на макроекономските показатели се укажа дека во првиот квартал од 2015 година остварен е раст на БДП од 3,2%  и тоа како  разултат на растот на извозот на стоки и услуги кој што  изнесуваше 8% , додека пак увозот беше зголемен на 4,3 %. Бруто инвестициите забележаа пораст од 2,4%, а потрошувачката забележа раст од над 1,3% и тоа во делот на личната и на јавната потрошувачка. Стапката на пораст на индустриското производство изнесуваше 3,1%, на градежништвото 3,1 %, земјоделството 2%, услужниот сектор 3,2 %, што влијаеше на пораст на БДП. Со Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година  се предвидува раст на БДП од 3,5%, истиот е понизок од планираниот со Буџетот за 2015 година, но треба да се имаат во предвид условите во кои функционираше македонската економија во последните шест години.  Остварувањето на раст на БДП од 3,5% го потврдуваат и проекциите на меѓународните финансиски институции. Сепак треба да се има во предвид можното негативно влијание на економската криза во европските економии и должничката криза во Република Грција. Особено значајно е што со Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година  не се намалени планираните средства кај ниту еден буџетски корисник, туку како резултат на остварувањето на поголеми приходи од планираните со Буџетот за 2015 година се распределуваат повеќе средства во зависност од потребите и проектите на буџетските корисници. Најголем дел од реализираните приходи се наменети за  капитални расходи и тоа со Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година  средствата за оваа намена се зголемуваат за 1,115 милиони денари. Со овие средства ќе се реализираат неколку проекти кои се од приоритено значење, а еден од нив е и гасификацијата на делницата од Клечовце до Штип, за која се  издвојуваат дополнителни 370 милиони денари. за финансирање на водоводи и канализации во сите општини во Република Македонија финансирање на реконструкција и изградба на училишта, изградба на спортски сали во рамките на училиштата,  амбуланти,  средства за исплата на социјалната помош зголемена за 10%, за субвенионирање на земјоделците и спроведување на ИПА програмата. По однос на макроекономските движења во периодот од месец јануари до месец јули 2015 година се укажа дека сите параметри бележат позитивни стапки на раст. Имено, покрај остварениот раст на инвестииите од 2,4%, раст на извозот и потрошувачката, пораст бележат и девизните резерви и тоа од 2,34 милијарди евра или за 23,4% повеќе споредено со 2014 година. Ова ниво на девизни резерви ќе обезбеди над четири месечна увозна покриеност на државата. Стапката на невработеност бележи континуирано намалување и достигна историски најниско ниво од 27%. Инфлацијата која бележеше негативни стапки достигна ниво од 0,3%, а до крајот на годината се очекува да достигне 2%. И покрај политичката криза во која се наоѓа државата странските директни инвестиции достигнаа задоволително ниво од 105 милиони евра. Зголемувањето на странските инвестиции ќе влијае на  намалување на невработеноста зголемување на индустриското производство, намалување на

трговскиот дефицит што пак ќе влијае на раст на БДП. По однос на јавниот долг се укажа дека Република Македонија според сите меѓународни критериуми претставува ниско задолжена земја, односно нивото на јавен долг од 43% од БДП е ниско и умерено. Споредбено останатите земји од регионот имаа многу повисоко ниво на јавен долг и тоа Република Србија има јавен долг од 70,9% од БДП, Република Хрватска 76% од БДП, Република Грција од 177% од БДП. По однос на дилемите кои се изнесуваат во јавноста по однос на тоа дека Владата ќе се задолжува на домашниот пазар со што ќе се оптеретат банките се укажа дека вкупните депозити во банките ( од граѓаните и компаниите) се зголемени за над 53 милијарди евра што ќе овозможи кредитирање на граѓаните и компаниите во земјата и доколку Владата одлучи да се задолжи на домашниот пазар. Банкарскиот систем е стабилен и има доволно средства за кредитирање на компаниите и граѓаните, но и за задолжување на државата на домашниот пазар. Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година ќе обезбеди услови за фискална стабилност и реализирање на проектите на буџетските корисници. По однос на височината на буџетскиот дефицит кој од проектираните 3,5% се зголемува на 3,6% се истакна дека истиот е резултат на зголемување на капиталните расходи, а не на тековните непродуктивни расходи. Спореденo со останатите земји во регионот Република Македонија има ниско ниво на буџетски дефицит, бидејќи во Република Србија истиот изнесува околу 5%, а во Република Хрватска околу 5,3%.

-Се истакна дека Ребалансот на Буџетот за 2015 година има развојна компонента, проекциите се остварливи за македонската економија и гарантираат развој и стабилност. По однос на критиките од страна на опозицијата за неправилната распределба на средствата по етничка основа, се укажа дека не е добро да се анализира распределбата на средства во Буџетот по етничка припадност затоа што проектите кои се предвидени, како што се изградба на патишта и водоводи, ги користат сите граѓани без разлика на етничката, верската или културната припадност и токму поради тоа не може да станува збор за етничка дискриминација. Владата се залага за градење на политички платформи врз основа на граѓански концепт и оттука не може буџетските проекти да се делат по етничка линија. Добро е што не се намалуваат средствата кај ниту еден буџетски корисник што доволно зборува за остварливоста на планираните проекти, но се укажа дека би требало да се намалат расходите за репрезентации и други непродуктивни трошоци. Над 50 % од приходите од Буџетот се остваруваат по основ на наплата на ДДВ, но би требало средствата по основ на поврат на ДДВ да се исплатуваат во законски предвидениот рок. По однос на децентрализацијата на општините се истакна дека овој процес е во застој и локалните самоуправи се соочуват со недостиг од финансиски средства , па како решение се предложи донесување на законско решение со кое соодветно ќе се уреди рамномерниот регионален развој. Средствата од БДП во висина од 1% од БДП кои се одвојуваат за рамномерен регионален развој треба директно да ги користат општините како децентрализирани органи кои секојдневно се соочуваат со проблемите на граѓаните. Се укажа дека е потребно да се предвидат повисоки средства за образованието и животната средина бидејќи во изминатиот период во овие области се вложени недоволно финансиски средства. Добро би било да се

вложуваат средства и во изградба на легални депонии на локално или регионално ниво. Се истакна дека Владата на Република Македонија во континуитет вложува финансиски средства во проекти кои ќе го подобрат животот на сите граѓани во државата без оглед на нивната етничка припадност.

- Беше изнесено дека Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година претставува потврда за економската нелогичност која може да се поткрепи со аргументот дека вкупните расходи се зголемуваат околу два пати повеќе отколку што се зголемуваат вкупните приходи. Со Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година вкупните расходи се зголемуваат за 5,2 милиони денари, а вкупните приходи за 3,5 милиони денари. Оваа диспропорција доведува до зголемување на буџетскиот дефицит. Зголемувањето на буџетскиот дефицит не е во согласност со политиките за евроинтеграции. Дефицитот кој проектиран во Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година не е во согласност ниту со Мастришките критериуми според кои буџетскиот дефицит треба да се ограничи до 3% од БДП. Исто така беше истакнато дека во зголемувањето на БДП значајна улога имаат иселениците од земјата особено оние од албанскиот етникум и истите со своите дознаки од странство придонесуваат за развој на македонската економија. Но, и покрај тоа процентот на финансиски средства кои се наменети за инвестирање во средини во кои живее мнозинство население од албанска националност е на ниско ниво Вкупните приходи кои се проектирани со овој Ребаланс не се доволни да се покрие планираниот буџетски дефицит и тој ќе се финансира преку задолжување и тоа во најголем дел на домашниот пазар. Но, факт е дека во последните шест години континуирано се зголемува јавниот долг на државата, со што се нарушува и вториот параметар за евроинтеграциските процеси. Имено јавниот долг согласно Мастришките критериуми е ограничен на 60% од БДП, а ако продолжи овој тренд на задолжување Република Македонија за неколку години ќе влезе во трендот на несолвентни, неликвидни земји и ќе се загрози идниот развој на политиките за европска интеграција на земјата. Единствениот период кога Владата на Република Македонија проектираше суфицит во Буџетот е во периодот од 1998 до 2002 година, додека во сите останати години е проектиран буџетски дефицит, кој кулминираше во 2014 година, а негативниот тренд продолжува и понатаму. Во Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година се забележува дека е планиран раст од 3% на платите и надоместоците што укажува дека Владата планира дополнително вработување во јавниот сектор што е спротивно на Договорот од 2 јуни и од 19 јуни 2015 година . Со договорот се предвидува вредноста на субвенциите и трасферите да се утврдат во согласност со висината утврдена во Буџетот за 2015 година, а не да има раст од 10%. Од Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година на Буџетот се гледа дека расходите за стоки и услуги се зголемуваат за 2 %, додека непродуктивните расходи се зголемуваат на 5% со што се потврдува погрешната економска поитика која ја води оваа Влада. Беше изнесено дека на Ребалансот на Буџетот за 2015 година се поднесени 219 амандмани од пратениците на пратеничката група на ДПА со цел да се корегираат владините политики кои не се во интерес на граѓаните на Република Македонија.

- Беше истакнато дека Буџетот претставува документ од кој може да се согледаат економските политики кои ги спроведува една Влада. Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година  покажува дека оваа Влада спроведува погрешни економски политики кои не се во интерес на поголемиот број граѓани, а посебно на припадниците на албанската заедница во Република Македонија. Граѓаните од албанска националност се повеќе се осиромашуваат и стапката на невработени во континуитет се зголемува. Во континуитет оваа Влада проектира Буџети и Ребаланси кои покажуваат дека Република Македонија е сегрегатна држава, бидејќи се вложуваат средства во населените места каде живее македонско население, а не се предвидуваат вложувања во средини каде мнозинството население е од албанска националност. Одредени региони во државата каде што живее албанско население се уште немаат елементарни услови за живот, односно амбуланти, патишта, училишта, вода за пиење и друго. Долгот на државата во контунитет се зголемува и се создаваат обврски за идните генерации кои ќе треба да ги плаќаат долговите кои ги создава Владата на Република Македонија, а албанците кои живеат во Република Македонија за возврат добиваат минимални инвестиции во срединиte од каде што потекнуваат. Средствата од Буџетот се користат за непродуктивни цели или пак само за средини каде мнозинството население е од македонска националност. Граѓаните од албанска националност се соочуваат со недостиг на вода за пиење, амбуланти, недостиг на инфраструктура, а буџетските средства се користат за проекти кои не се во интерес на албанското население.  Не се градат патишта во средини каде што мнозинството население се албанци, не се предвидуваат средства за технолошко индустриската развојна зона во Тетово, за подобрување на условите во Клиничката болница во Тетово, за изградба на библиотека и театар во Тетово. Секој Предлог за изменување и дополнување на Буџетот е доказ за погрешните проекции во Буџетот.  Факт е дека оваа Влада во изминатите седум години проектира нереален економски раст и несоодветни буџетски проекции, поради што во текот на годината неопходно е да се направи Ребаланс.

Се истакна дека Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија, вклучува поместувања на одредени позиции, без притоа да се изместат основните макроекономски параметри. Со Ребалансот не се предвидува намалување на финансиските средства на буџетските корисници, а реализација на проектите кои ги има започнато оваа Влада ќе продолжи и понатаму. Средствата за оваа намена се проектирани на исто или повисоко  ниво. Владата во континуитет реализира голем број на проекти од областа на здравството, образованието, социјалната заштита, инфраструктурата и се она што значи подобрување на условите за живот на сите граѓани. Растот на бруто домашниот производ од 3,1% е резултат на зголемениот извоз на стоки, раст на бруто инвестициите од 2,4%, индустриското производство кое е зголемено за 3,1% како и растот и развојот на градежништвото. Мерките кои ги презема Владата придонесоа и за зголемување на  вработеноста за 1,6% или во апсолутен износ вработени се нови 11.000 лица.  Со тоа процентот на невработеност е намален на историски најниско ниво од 27%. Важно е да се нагласи дека странските дирекни инвестиции изнесуваа 105 милиони евра или 12% од бруто домашниот производ. Основна причина поради која се предлагаат  измени и дополнувања на Буџетот за

2015 година е остварувањето на буџетски приходи на повисоко ниво од планираното, односно за 14% повисоки од остварените во претходната година. Со Ребалансот се врши релокација на паричните средства кај одделни буџетски корисници во зависност од потребите. Владата продолжува со навремена исплата на пензиите, социјалните надоместоци, платите, како и субвенциите во земјоделието. Капиталните расходи се реализирани во износ од 7,6 милиони денари и истите се наменети за реализацијата на крупни инфраструктурни проекти. Особено значајно е што Владата во месец март го исплати долгот кон ММФ и со тоа се намали задолженоста, но во оптек се пуштени и финансиски средства за подобрување на ликвидноста на стопанството. Мерките кои се превземаат со Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година се во насока на обезбедување на дополнителни средства за надминување на елементарните непогоди во општините, обезбедување на дополнителни средства за национално кофинансирање на проекти од ИПА фондовите, обезбедување на дополнителни средства за социјални права и заштита, обезбедување на дополнителни средства за зголемување на студенските и ученичките стипендии кои се зголемени за 10%. Обезбедени се дополнителни средства и за завршување на започнати проекти во Министерството за труд и социјална политика за 34 милиони денари, во Министерството за транспорт и врски во делот за изградба на патишта, во Министерството за здравство се обезбедени средства во вредност од 3 милиони евра, во Министерството за образование се обезбедени дополнителни 220 милиони денари за довршување на проекти на реконструкција и изградба на основни и средни училишта. Обезбедени се дополнителни средства за исплата на пензии и плати, за патна инфраструктура, за капитални инвестиции.

-Се истакна дека Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година е документ кој се базира на реални статистички податоци. Не е добро што најголемата опозициона партија не учествува во работата на Собранието и во расправата по Ребалансот на Буџетот за 2015 година. Треба да се има во предвид дека политичката криза во која се наоѓа Република Македонија во голема мера се одрази на економските состојби во државата. Владата во континуитет се грижи за остварување на правата на граѓаните, односно за навремена исплата на плати, пензии, социјална помош, зголемување и проширување на опфатот на социјално ранливите категории. Социјалната компонента на Буџетот и Ребалансот на Буџетот за 2015 година е запазена и покрај политичката криза во која се наоѓа земјата, влијанието на светската економска криза и должничката криза во која се наоѓа Република Грција. Владата во континуитет води сметка буџетскиот дефицит и нивото на јавен долг да бидат во рамки на утврдените Мастришки критериуми. Факт е дека веќе подолг временски период во земјата се креира вештачка политичка криза, а креаторите на истата не учествуваат во собраниските дебати, туку упатуваат несоодветни и неиздржани критики.

**Комисијата ги разгледа амандманите поднесени по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2015 година од страна на пратениците:**

1. Амандман во Раздел 10004 во Програмата Д, потпрограмата ДВ во втората потколона од колоната "Расходи на Основен буџет за 2015 година во ставката 482 и во Раздел 04001 Програма Д, Потпрограма Д4 во втората потколона од колоната "Расходи на Основен буџет за 2015 година" во ставката 425 поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији и Орхан Ибраими **под архивски број (08-2960/70 )**

   Амандманот го образложи пратеникот Беким Фазлиу.

   Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас "за" и 7 гласа "против" не го усвои амандманот.

2. Амандман во Раздел 12101 Програма 2 Потпрограма 21, во втората потколона од колоната "Расходи на Основен буџет за 2015 година" ставка 488 и во Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 во втората потколона од колоната "Расходи на Основен буџет за 2015 година" во ставката 464, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији и Орхан Ибраими **под архивски број (08-2960/52)**

   Амандманот го образложи пратеникот Беким Фазлиу.

   Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас "за" и 7 гласа "против" не го усвои амандманот.

3. Амандман во Раздел 12101 Програма 2 Потпрограма 21, во втората потколона од колоната "Расходи на Основен буџет за 2015 година" ставка 488 и во Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 во втората потколона од колоната "Расходи на Основен буџет за 2015 година" во ставката 464, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији и Орхан Ибраими **под архивски број (08-2960/56)**

   Амандманот го образложи пратеникот Беким Фазлиу.

   Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а

Комисијата со 1 глас “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

4. Амандман во Раздел 12101 Програма 2 Потпрограма 21, во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” ставка 488 и во Раздел 04002 Програма 1 Потпрограма 1Б во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 482, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији и Орхан Ибраими **под архивски број (08-2960/91)**

Амандманот го образложи пратеникот Беким Фазлиу.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

5. Амандман во Раздел 12101 Програма 2 Потпрограма 21, во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” ставка 488 и во Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 464, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији и Орхан Ибраими **под архивски број (08-2960/94)**

Амандманот го образложи пратеникот Беким Фазлиу.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

6. Амандман во Раздел 12101 Програма 2 Потпрограма 21, во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” ставка 488 и во Раздел 04002 Програма 1 Потпрограма 1Б во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 482, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији и Орхан Ибраими **под архивски број (08-2960/95)**

Амандманот го образложи пратеникот Беким Фазлиу.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

7. Амандман во Раздел 12101 Програма 2 Потпрограма 21, во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” ставка 488 и во Раздел 04002 Програма 1 Потпрограма 1Б во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 482, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији и Орхан Ибраими **под архивски број (08-2960/97)**

Амандманот го образложи пратеникот Беким Фазлиу.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

8. Амандман во Раздел 12101 Програма 2 Потпрограма 21, во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” ставка 488 и во Раздел 04001 Програма Д Потпрограма Д4 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 425, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији и Орхан Ибраими **под архивски број (08-2960/123)**

Амандманот го образложи пратеникот Орхан Ибраими.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

9. Амандман во Раздел 12101 Програма 2 Потпрограма 21, во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” ставка 488 и во Раздел 04001 Програма Д Потпрограма Д4 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 425, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији и Орхан Ибраими **под архивски број (08-2960/140)**

Амандманот го образложи пратеникот Газменд Алији.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

10. Амандман во Раздел 12101 Програма 2 Потпрограма 21, во вторатa потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” ставка 488 и во Раздел 04001 Програма Д Потпрограма Д4 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 425, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији и Орхан Ибраими **под архивски број (08-2960/142)**

Амандманот го образложи пратеникот Газменд Алији.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

11. Амандман во Раздел 12101 Програма 2 Потпрограма 21, во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” ставка 488 и во Раздел 04001 Програма Д Потпрограма Д4 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 425, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији и Орхан Ибраими **под архивски број (08-2960/143)**

Амандманот го образложи пратеникот Газменд Алији.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

12. Амандман во Раздел 12101 Програма 2 Потпрограма 21, во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” ставка 488 и во Раздел 04001 Програма Д Потпрограма Д4 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 425, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији и Орхан Ибраими **под архивски број (08-2960/145)**

Амандманот го образложи пратеникот Газменд Алији.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

13. Амандман во Раздел 12101 Програма 3 Потпрограма 30, во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” ставка 425 и во Раздел 04001 Програма Д Потпрограма Д4 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 425, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији и Орхан Ибраими **под архивски број (08-2960/84)**

Амандманот го образложи пратеникот Беким Фазлиу.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

14. Амандман во Раздел 13001 Програма 2 за додавање нова Потпрограма 2Г Категорија 48 ставка 482 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” по Потпрограмата 2В и ставката 489 и во Раздел 04002 Програма 1 Потпрограма 1Б во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 482, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири-Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији и Орхан Ибраими, **под архивски број (08-2960/8)**

Амандманот го образложи пратеникот Беким Фазлиу.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

15. Амандман во Раздел 13001 Програма 2 за додавање нова Потпрограма 2Г Категорија 48 ставка 482 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” по Потпрограмата 2В и ставката 489 и во Раздел 04002 Програма 1 Потпрограма 1Б во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 482, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири-Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији и Орхан Ибраими, **под архивски број (08-2960/9)**

Амандманот го образложи пратеникот Беким Фазлиу.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

16. Амандман во Раздел 13001 Програма 2 за додавање нова Потпрограма 2Г Категорија 48 ставка 482 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” по Потпрограмата 2В и ставката 489 и во Раздел 04002 Програма 1 Потпрограма 1Б во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 482, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири-Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији и Орхан Ибраими, **под архивски број (08-2960/10)**

Амандманот го образложи пратеникот Беким Фазлиу.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

17. Амандман во Раздел 13001 Програма 2 за додавање нова Потпрограма 2Г Категорија 48 ставка 482 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” по Потпрограмата 2В и ставката 489 и во Раздел 04002 Програма 1 Потпрограма 1Б во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 482, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири-Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији и Орхан Ибраими, **под архивски број (08-2960/11)**

Амандманот го образложи пратеникот Имер Алиу.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

18. Амандман во Раздел 13001 Програма 2 за додавање нова Потпрограма 2Г Категорија 48 ставка 482 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” по Потпрограмата 2В и ставката 489 и во Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 464, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири-Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији и Орхан Ибраими, **под архивски број (08-2960/12)**

Амандманот го образложи пратеникот Беким Фазлиу.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

19. Амандман во Раздел 13001 Програма 2 за додавање нова Потпрограма 2Г Категорија 48 ставка 482 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” по Потпрограмата 2В и ставката 489 и во Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 464, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири-Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алиjи и Орхан Ибраими, **под архивски број (08-2960/14)**

Амандманот го образложи пратеникот Имер Алиу.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

20. Амандман во Раздел 13001 Програма 2 за додавање нова Потпрограма 2Г Категорија 48 ставка 482 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” по Потпрограмата 2В и ставката 489 и во Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 464, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири-Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алиjи и Орхан Ибраими, **под архивски број (08-2960/15)**

Амандманот го образложи пратеникот Имер Алиу.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 1 глас “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

21. Амандман во Раздел 13001 Програма 2 за додавање нова Потпрограма 2Г Категорија 48 ставка 482 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” по Потпрограмата 2В и ставката 489 и во Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 464, поднесен од пратениците Имер Алиу, Ернад Фејзула, Мерал Узеири-Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алиjи и Орхан Ибраими, **под архивски број (08-2960/16)**

